# ИЗЈАВА ЗА БЕЗБЕДНО УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗНИОТ ПАРК

Пивара Скопје АД, целосно е посветена на безбедноста и здравјето на вработените и сите бизнис партнери, кои се засегнати од деловни активности на Компанијата. Како дел од својата политика за безбедност и здравје при работа, а со цел елиминирање и минимизирање на сите ризици, повреди или фаталности поврзани со управување на возниот парк, менаџментот на Пивара Скопје АД, е посветен на примена на сите добри практики поврзани со безбедното управување на возила и за таа цел:

- Ќе работи во согласност со законската легислатива и корпортивните барања поврзани со безбедно управување со возилата.
- Ќе дефинира и комуницира целосна одговорност на сите вработени за почитување на безбедносните правила за управување со возила.
- Ќе обезбеди тренинг за безбедно управување со возила, вклучувајќи и еко-возење и возење во опасни ситуации (defensive driving)
- Ќе дефинира безбедносни критериуми за компетентноста на возачите, со цел да се осигура безбедно користење и одржување на возилата.
- Ќе дефинира критериуми при селектирање на возила со утврдување на вклученост на безбедносните карактеристики кај истите, што ги прави соодветни за намената во средината во које се ракува со истите.
- Ќе ги одржува сите возила во сигурна, чиста и возна состојба, обезбедувајќи ја безбедноста на вработените и другите учесници во сообраќајот во секое време.
- Ќе осигура дека сите возила се користат согласно пропишаната носивост и дозволен број на патници.
- Ќе дефинира и имплементира процедури за правилно раководење со возниот парк со цел елиминирање и/или минимизирање на ризикот од повреди при сообраќајните незгоди во кои се вклучени сите вработени.
- Ќе ги вклучи сите возила во програма за превентивно одржување која содржи редовни проверки на возилата и превземање на навремени мерки, со цел да се минимизира ризикот од повреди и да се обезбедат сигурни и безбедни возила.
- Ќе ги земе во предвид безбедносните правила за управување со возилата како приоритет, вклучувајќи ги работните задачи и планирањето на рутата кој треба да се мине при нивно извршување заедно со паузите за превенција од замор.
- Ќе прави истрага на сообраќајни инциденти и ќе имплементира превентивни мерки за да се спречи нивна појава.
- Ќе прави редовен преглед на безбедното возење и ќе поставува цели за подобрување во рамки на Бизнис Планот.

Заложбите наведени во оваа Изјава се однесуваат на вработените на Пивара Скопје АД, но истите силно ги препорачуваме и на нашите контрактори, добавувачи и други вклучени страни во нашите бизнис активности.

10.05.2021

**Горан Стојковски**
ICSC менаџер
Пивара Скопје АД, Скопје